**20242113681**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членовите 427 став (1) и 438 алинеја 9), а во врска со членовите 10 став (9), 11 став (14) и член 15 став (5) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4.10.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК[1] ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ИНВЕСТИЦИСКО ДРУШТВО И ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ НА ИНВЕСТИЦИСКОТО ДРУШТВО

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за добивање на одобрение за работа на инвестициско друштво и за статусни промени на инвестициското друштво (во понатамошниот текст: Правилник) подетално се уредува:

1. начинот, формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициското друштво/ филијала на инвестициско друштво од земја членка на Европската Унија или од трета земја и на банка (кредитна институција);
2. сите потребни податоци и документација кои се доставуваат во прилог на барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициското друштво;
3. постапката за проширување, односно намалување на одобрението за работа или одземање на одобрението за работа заради донесена одлука за престанок на работењето на инвестициското друштво;
4. начинот, формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за вршење на дополнителни дејности на инвестициското друштво, како и критериумите за проценка на влијанието на дополнителните дејности на извршувањето на инвестициските услуги и активности;
5. статусни промени на инвестициското друштво, како и критериумите за проценка на исполнување на условите за давање одобрение за статусни промени на инвестициското друштво.
6. статусни промени на инвестициското друштво, како и критериумите за проценка на исполнување на условите за давање одобрение за статусни промени на инвестициското друштво.

---

[1]Со овој Правилник се врши усогласување со Делегираната Уредба на ЕУ 2017/1943 за дополнување на Директивата 2014/63/ЕУ во поглед на регулаторните технички стандарди за информации и услови за издавање одобрение за работа на инвестициските друштва.

## Поими

Член 2

(1) Поимите кои се употребуваат во овој Правилник го имаат следново значење:

1. **„Закон“** е Законот за финансиски инструменти;
2. **„Подзаконски акти“** се оние акти кои се донесени врз основа на Законот за финансиски инструменти;
3. **„Комисијата“** е Комисијата за надзор на пазарот на капитал;
4. **„Подносител на барањето“** е инвестициското друштво, односно основачите на инвестициското друштво;
1. **„Активности на застапување во осигурувањето“** се работи кои се дефинирани со законите со кои се регулираат работите на осигурување и
5. **„Пензиски програми (шеми)“** се оние кои се дефинирани со законите со кои е регулирано основањето и работењето на друштвата за управување со доброволните пензиски фондови.

(2) Сите други поими од овој Правилник го имаат истото значење како во Законот.

## Поле на примена

Член 3

(1) Одредбите од овој Правилник соодветно се применуваат и за банка (кредитна институција) во постапката на издавање претходно одобрение за исполнување на условите за вршење на инвестициски услуги и помошни активности согласно член 14 од Законот.

(2) Одредбите од овој Правилник соодветно се применуваат и на проширувањето на одобрението за работа на инвестициското друштво и проширувањето на претходната согласност на банка (кредитна институција).

(3) Одредбите од овој Правилник соодветно се применуваат и на филијала на инвестициско друштво од земја членка на ЕУ или филијала на инвестициско друштво од трета земја кои согласно член 6 став (1) алинеи б) и в) од Законот смеат да вршат инвестициски услуги и активности и помошни услуги во Република Северна Македонија.

## ДЕЛ 1
## НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ИНВЕСТИЦИСКО ДРУШТВО

Член 4

(1) Барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициско друштво се поднесува до Комисијата на пропишан образец Барање (Прилог 1 и Прилог 2 на овој Правилник), кој е пополнет електронски, уредно, читливо и без преправања, заедно со целокупната документација и докази пропишани со Законот и со овој Правилник и тоа во писмена форма непосредно во архивата на Комисијата или по пошта и во електронска форма скенирана и снимена на преносен медиум (USB) во PDF формат.

(2) Секое барање може да се достави до Комисијата во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, освен изјавите за кои е потребна нотарска заверка и потврдите кои не се обезбедени од соодветните органи по електронски пат.

(3) Освен документацијата од став (1) на овој член, Комисијата може од подносителот на барањето да побара прецизирање на веќе доставената документација, а може да побара и други податоци и документи со кои се докажува исполнување на условите пропишани со Законот и со овој Правилник.

(4) Документацијата која се поднесува кон барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициско друштво мора да е во оригинал или нотарски заверена копија.

(5) Документацијата во оригинал како и нотарската заверка не смее да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето до Комисијата.

Член 5

(1) Документацијата која е издадена од странска држава на странски јазик, задолжително се доставува со апостил, кога е издадена од страна на странска држава која ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи.

(2) По исклучок од став (1) документацијата нема потреба да се достави со апостил, доколку Република Северна Македонија и странската држава имаат склучено договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи.

(3) Во случај кога конкретната странска држава не ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи или нема билатерален договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи, јавната исправа се легализира во согласност со законот кој ја уредува легализацијата на исправите во меѓународен промет.

(4) Документацијата издадена од странска држава задолжително се преведува од овластен судски преведувач, а преводот задолжително нотарски се заверува.

(5) Доколку законодавството на странска држава поинаку регулира одредена материја, подносителот на барањето е должен да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата. Во овој случај адвокатот задолжително дава изјава дека е овластен согласно законодавството на странската држава за потврдување на тие факти и дека истиот е одговорен за вистинитоста на дадените податоци.

**Постапување по барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициско друштво**

Член 6

(1) По разгледување на барањето доколку Комисијата утврди дека истото е непотполно, неуредно или има формално правни недостатоци, ќе му одреди разумен рок на подносителот во кој тој ќе треба да ја дополни документацијата или соодветно да го уреди барањето .

(2) Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците во зададениот рок ќе се смета дека подносителот се откажал од барањето, а Комисијата ќе донесе решение за запирање на постапката.

ДЕЛ 2

ОДОБРЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ИНВЕСТИЦИСКО ДРУШТВО

**Податоци и документација кои се доставуваат во прилог на барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициско друштво**

**Барање за добивање на одобрение за работа**

Член 7

(1) Кон барањето за добивање на одобрение за работа на инвестициско друштво се поднесуваат сите податоци и целокупната документација која е предвидена во Законот и во овој Правилник, а особено:

1. основни податоци за основачите на инвестициското друштво согласно член 8 од овој Правилник;

2. податоци за капиталот согласно член 9 од овој Правилник;

3. податоци за релевантните лица согласно член 10 од овој Правилник;

4. финансиски податоци согласно член 11 од овој Правилник;

5. податоци за исполнување на организациските услови на друштвото согласно член 12 од овој Правилник.

(2) При основање на инвестициско друштво, кон барањето од став (1) на овој Правилник се приложува и барање за добивање одобрение за именување на член на орган на управување и орган на надзор согласно Правилникот на Комисијата за давање одобрение за именување на член на орган на управување и орган на надзор и утврдување на подобност на истите и доколку е применливо, барање за добивање на одобрение за стекнување на квалификувано учество согласно Правилникот на Комисијата за издавање на одобрение за стекнување квалификувано учество.

**Основни податоци за основачите на инвестициското друштво**

Член 8

Кон барањето за добивање на одобрение за работа се приложуваат следниве општи податоци и документација за основачите на инвестициското друштво:

1. информации за лицето или лицата за контакт во врска со поднесеното барање за издавање на одобрение за работа, и, доколку е применливо, името на професионалниот советник кој ги извршувал работите поврзани со основањето на инвестициското друштво и подготовката на барањето за добивање на одобрение за работа, вклучително и податоците за контакт со истиот;

2. податоци за инвестициското друштво и основачот:

а) фирма, лого и било кој назив со кој инвестициското друштво има намера да се служи во правниот промет и во работењето;

б) правен облик на инвестициското друштво, како и правниот облик на основачот, доколку е правно лице;

в) датум на основање и држава во која е основан основачот како правно лице и, доколку е применливо, датумот на основање на инвестициското друштво;

г) адреса на седиштето и местото каде инвестициското друштво претежно ќе го извршува работењето, доколку тоа место е различно од местото на седиштето, истите податоци се поднесуваат и за основачите;

д) податоци за контакт на основачите и инвестициското друштво, доколку се разликуваат од податоците од точка 1) од овој член;

ѓ) назив на централниот (судскиот) или друг соодветен регистар и број под кој е запишан основачот и тој податок и за инвестициското друштво доколку истото е веќе уписано во централен (судски) или друг соодветен регистар, како и, кога е применливо, доказ за уписот во централниот (судскиот) или друг соодветен регистар;

е) матичен број (ЕМБ) на основачот и, доколку е применливо, на инвестициското друштво (или друг релевантен број за основано инвестициско друштво надвор од РС Македонија);

ж) датумот со кој завршува деловната година на основачот, и доколку е применливо, и на инвестициското друштво;

з) интернет страницата на основачот, и доколку постои, и на инвестициското друштво;

ѕ) единствениот идентификатор LEI;

3. акт за основање на основачот и на инвестициското друштво во форма на јавна исправа;
4. информации за подружниците и врзаните застапници, доколку истите ги користи, како и информации за тоа каде истите ќе работат;
5. опис на инвестициските услуги и активности и помошните услуги и дополнителни дејности што ќе ги врши инвестициското друштво, како и информација дали ќе биде овластено да чува финансиски инструменти и парични средства на клиенти;
6. доказ за уплатен надомест за Комисијата.

**Податоци за капиталот**

Член 9

(1) Кон барањето за добивање одобрение за работа се приложуваат податоци за почетниот капитал, односно податоци и докази за изворите на капитал кои му се на располагање на инвестициското друштво, како што се:
1. потврда од банка (кредитна институција) за издвоените средства на посебно отворена сметка наменета за уплата на почетниот капитал на инвестициското друштво и
2. ако во моментот на поднесување на барањето за добивање одобрение за работа почетниот капитал не е уплатен во целост, кон барањето се приложува и план за уплата на целосниот износ на капиталот, кој мора во целост да биде уплатен пред добивање на одобрението за работа.
(2) Барањето за добивање одобрение за работа мора да содржи и опис на расположливите извори на средства и, кога тоа е применливо, доказ за достапност на тие средства, што вклучува:
1. детали за евентуалното користење на сопствени (лични) финансиски средства вклучително и детали за нивното потекло и достапност;
2. детали за пристапот до изворите на средства и финансиските пазари, вклучително и за финансиските инструменти кои се издадени или ќе бидат издадени, особено дали капиталот ги опфаќа ставките на редовниот основен капитал, ставките на додатниот основен капитал или ставките на дополнителниот капитал на инвестициското друштво;
3. договорите врз основа на кои се обезбедени средствата за почетниот капитал,
4. информација за употребата или очекуваната употреба на позајмени средства вклучувајќи и податоци за давателот на заемот, како и детали за линиите кои се одобрени или ќе се одобрат вклучувајќи го доспевањето, условите, залозите и гаранциите, заедно со информација за потеклото на позајмените средства (или средствата кои треба да се позајмат), ако заемодавачот не е финансиска институција која е под соодветен надзор од регулаторен орган и
5. фирма и седиштето на институцијата за платен промет преку која ќе се изврши пренос на средствата за почетниот капитал.

**Податоци за релевантните лица**

Член 10

(1) Кон барањето за добивање на одобрение за работа се приложуваат и податоци кои се однесуваат на релевантните лица од член 3 точка 9 од Законот.
(2) Податоците за релевантните лица од став (1) на овој член кои се доставуваат се:
1. список на сите физички и правни лица кои, во случај на добивање одобрение за работа, ќе се стекнат со директно или индиректно квалификувано учество во инвестициското друштво и бројот на акции/удели кои ќе го стекнат, а при индиректно

стекнување на квалификуваното учество, и назив на лицата преку кои се поседува индиректното учество, како и назив на вистинскиот сопственик;

2. шематски приказ на сопственичката структура во инвестициското друштво, вклучувајќи и приказ со учеството во капиталот, односно гласачите, права и попис на имињата на сите правни и физички лица кои ќе имаат квалификувано учество во инвестициското друштво, и тоа за секое лице поединечно:

а) број и вид на акции или удели кои се запишани или ќе бидат запишани;

б) номинална вредност на акциите;

в) премија од акциите која е платена или ќе биде платена;

г) евентуално постоење на заложно право над акциите со податоци за лицата во чија корист е запишан залогот и

д) изјави од основачите дека инвестициското друштво ќе се придржува кон барањата за висината на капиталот и сопствените средства;

3. акционерите/имателите на удели како правни лица кои се дел од група, шематски приказ на групата во кој се наведуваат главните активности на секое друштво кое учествува во групата, приказ на сите релевантни регулирани субјекти во рамки на групата и назив на сите релевантни надзорни тела, како и односот помеѓу финансиските субјекти и останатите нефинансиски субјекти во групата.

(3) Доколку по основањето на инвестициското друштво ниеден основач нема да се стекне со квалификувано учество, кон барањето е потребно да се приложи список на сите акционери, односно содружници со информациите од став 2 на овој член и податоци за тоа дали некој од тие акционери, односно содружници е субјект на супервизија, односно надзор од страна на друг регулаторен орган.

(4) Кон барањето од став 1 на овој член, подносителот е должен да приложи и документација со податоци за:

- лицата кои ќе вршат раководни функции во инвестициското друштво, како и нивните дадени овластувања и примени полномошна и тоа:

1. лични податоци кои вклучуваат име на лицето, датум и место на раѓање, ЕМБГ, адреса и контакт;

2. функцијата на лицето на која е или ќе биде именувано;

3. биографија во која е наведено релевантното образование и стручната оспособеност, професионалното искуство со листа на сите институции во кои лицето работело и фунциите и работите кои таму ги извршувало и времето во кое ги извршувало, а особено за сите активности во рамки на бараната функција, наведување на сите функции кои лицето ги извршувало во изминатите 10 години, при што во описот на тие активности се наведуваат и сите делегирани и интерни овластувања за донесување на одлуки и подрачјата на делување кои биле под негова контрола;

4. документација која се однесува на угледот и искуството на лицето, како што е список на референтни лица со контакт податоци и писма со препораки;

5. изјава дадена од физичкото лице под целосна морална, материјална и кривична одговорност и заверена кај нотар, дека истиот не бил директор, претседател или член на орган на управување на правно лице против кое била поведена претстечајна, стечајна или ликвидациона постапка;

6. изјава дадена од физичкото лице под целосна морална, материјална и кривична одговорност и заверена кај нотар, дека истиот не е осуден со правосилна судска пресуда за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице);

7. доказ од надлежен орган дека против лицето е/не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

8. изјава за статусот на постапките кои се водат или биле водени во Комисијата или друг регулаторен орган поврзани со давање или одземање, односно укинување на одобрение;

9. податоци за раскинување на договор за работа или разрешување од одредена позиција или сл.,

10. информација за тоа дали е веќе спроведена проценка за добрата репутација и углед на стекнувачот на квалификуван удел или за лицата кои ќе извршуваат раководни функции (вклучително датумот кога е направена проценката, органот кој ја спровел и докази за исходот од таа проценка);

11. опис на сите финансиски (кредитни работи, гаранции, залози) и нефинансиски интереси или односи на лицето или лицата кои се сметаат за блиски соработници (или тесно поврзани) на тоа лице со членовите на органот на управување и носителите на клучни функции во таа институција, во матичното или во зависното друштво или со акционерите;

12. детали за резултатите од секоја проценка на подобноста на членовите на органот на управување и на надзор која самите ја спровеле;

13. информации за минималното време кое лицето треба да го посвети на извршување на функцијата во друштвото (во години и месеци) ;

14. информации за човечките и финансиските ресурси кои се наменети за обука и опсособување на тие лица (во години) и

15. список на извршни и на неизвршни директорски функции, односно функции на член во управен или во надзорен одбор кои лицето во моментот ги врши.

**Финансиски податоци**

Член 11

(1) Кон барањето за добивање на одобрение за работа се приложуваат и податоци за финансиската состојба во согласност со овој член.

(2) Барањето за добивање одобрение за работа мора да содржи проектирани финансиски показатели за инвестициското друштво на поедничена, и доколку е применливо, на консолидирана основа, кои базираат на основно и стресно сценарио што вклучува:

1. проекции на сметководствените планови (извештаи) најмалку за првите три деловни години со проекции за секоја услуга која ќе се нуди, и доколку е применливо, за секоја држава или подрачје во кои инвестициското друштво има намера да работи, вклучувајќи:

а) проекции на сите биланси;

б) проекции на извештајот за добивка и загуба (билансот на успех) со фиксни и варијабилни трошоци и потенцијална чувствителност на одредени показатели (волумен, цена, изложеност, географската распростареност и сл.) со образложени мерки за минимизирање на изложеноста на тие ризици;

в) проекции на извештајот за паричните текови.

2. претпоставки за проекциите и објаснувања на износите од точка 1 на овој став, како и објаснувања на нумеричките податоци, вклучително и за очекуваниот број и вид на клиенти, очекуваниот обем (волумен) на транскации/налози, очекуваниот имот со кој ќе се управува.

(3) Доколку барањето за добивање на одобрението за работа го поднесува веќе основано друштво, финансиските информации од овој член ги вклучуваат и ревидираните финансиски извештаи на поедничена, и доколку е применливо, на консолидирана основа за последните три деловни години, доколку финансиските извештаи биле ревидирани, вклучувајќи ги и:

1. сите биланси, вклучително и извештајот за добивка и загуба (билансот на успех) ;

2. годишните извештаи со финансиските прилози и целокупната останата документација кои се поднесени во одреден регистар или се регистрирани кај друг регулаторен орган за конкретно подрачје кое е релевантно за финансиските извештаи на друштвото, и по потреба, ревизорските извештаи за последните три години или од почетокот на работењето.

(4) Проекциите на финансиските показатели мора да ги содржат следниве податоци:

1. податоци за постојните и за идните обврски кои се очекуваат пред почетокот со работа на инвестиоциското друштво заедно со податоците за давателите на кредити или заеми, доспевањето и другите услови за задолжување, како и намената на тие средтсва; доколку давателот на кредитот или заемот не е банка (кредитна институција) или финансиска институција која е субјект на супервизија или надзор, потребно е да се приложат и податоци за изворите на средства од одобрениот кредит или заем или оној кредит или заем кој би требало да му се одобри на инвестициското друштво;

2. податоци за сите заложни права и гаранции, како и соодветните надоместоци кои инвестициското друштво ги издало или се очекува да ги издаде по издавањето на одобрението за работа;

3. доколку постои, кредитен рејтинг на основачите, или доколку е применливо, на инвестициското друштво и групата чија членка би требало да стане.

## Податоци за исполнување на организациските услови на друштвото

Член 12

(1) Кон барањето за добивање одобрение за работа потребно е да се приложат податоци за исполнување на организациските услови на друштвото во согласно со овој член и тоа:

1. деловен план;

2. податоци за ревизорот кој ќе ја врши ревизија на финансиските извештаи на инвестициското друштво и

3. организациска структура и структура на внатрешната контрола.

(2) Деловниот план за основање и работа на друштвото од став (1) точка 1 од овој член се изготвува за првите три години и мора да ги содржи информациите за планираните активности на инвестициското друштво, вклучувајќи:

1. детални информации за географската распространетост и услугите кои ќе ги извршува инвестициското друштво преку своите канцеларии, подружници и друштва-ќерки во РС Македонија и во трети земји, како и доколку е применливо, информации за намерата на матичното друштво непосредно да нуди услуги во друга земја и плановите за проширување на активностите во иднина, и тоа:

а) приказ за целните пазари, сегментација на клиентите, производите и услугите и диструбициските канали;

б) маркетиншки и промотивни активности и аранжмани, вклучувајќи го и јазикот во документацијата за понудата и промотивните материјали, одредување на земјата во која намногу и најчесто се планира да се вршат маркетиншките активности и видовите на промотивен материјал;

в) идентитетот на лицата кои за сметка на душтвото ќе вршат промоција (рекламирање), вклучувајќи ги и врзаните застапници, советниците за финансиско инвестирање и дистрибутерите, како и географската локација на нивните активности;

2. приказ и детално објаснување на одржливоста на деловниот модел, иднетификација на факторите за деловен и правен ризик, вклучувајќи ги и ризиците од перење пари и финансирање на тероризам и објаснување како инвестициското друштво ќе управува со тие ризици;

3. план за функционирање на инвестициското друштво сè до неговата целосна подговеност за почеток со работа и

4. опис на стратегиските цели и предности на инвестициското друштво, причините за основање на инвестициско друштво и за вршење на активностите за кои бара одобрение.

(3) Организациската структура и механизмите за внатрешната контрола од став (1) точка 3 на овој член задолжително содржат:

1. лични податоци за лицата на кои им се доделени функциите на внатрешна контрола (управувачки и надзорни), вклучувајќи и биографии во кои е наведено релеватното образование, стручната оспособеност и професионалното искуство;

2. опис на човечките и техничките ресурси кои се потребни за различните планирани активности, односно за овластените лица како што е предвидено со членовите 85, 86, 87 и 88 од Законот и Правилникот за признати кавлификации;

3. доказ за ангажирање на соодветен деловен простор кој ќе овозможи физичка одвоеност на функциите;

4. при чување финансиски инструменти и парични средства на клиенти, податоци за мерките за заштита на имотот на клиентите (посебно доколку финансиските инструменти и паричните средства се чуваат во старателска институција-чувар на имот, назив на истата и релевантните договори), како и податоци за тоа која функција во друштвото ќе биде задолжена за надзор над оперативната усогласеност на друштвото со одредбите од законот и подзаконсите акти кои ја уредуваат заштитата на имотот на клиентите;

5. опис на начинот на кој друштвото ќе ги исполни своите прудентни барања и барањата во однос на деловното однесување;

6. информација за статусот на барањето за членство во Фондот за обесштетување на инвеститори;

7. попис на пренесените процеси, услуги или активности (или оние кои се има намера да се пренесат) и попис на договорите кои се склучени или ќе се склучат со надворешните добавувачи и ресурси (особено човечки и технички, како и за системите за внатрешна контрола), кои ѝ се доделени на контролата за пренесените функции, услуги и активности;

8. опис на мерките за утврдување и спречување или управување со судир на интереси во однос на услугите,активностите и дејностите кои се предмет на одобрението за работа;

9. опис на механизмите за управување со производите;

10. опис на составот/системот за следење на активностите на друштвото, вклучително и системите за опоравување;

11. информации за политиките и постапките за следење на усогласеноста со приписите, за внатрешните контроли и за управувањето со ризици (систем за следење, внатрешна ревизија и функции на советување и помагање) ;

12. детали за системите за проценка и управување со ризиците за перење пари и финансирање на тероризам;

13. планови за континуитет во работењето, вклучително и за системите и човечките ресурси (лицата со клучни функции);

14. управување со евиденцијата, водењето на евиденцијата и политиката на чување на податоци;

15. опис на инструкциите за постапување на инвестициското друштво и

16. изјава за исполнување на условите и опис на начинот на исполнување на условите за нудење на инвестициски услуги и вршење на инвестициски активности кои се пропишани со Законот и подзаконските акти.

(4) Информацијата за организациската структура и механизмите за внатрешната контрола на инвестициското друштво мора да содржи шематски приказ на организацијата (органограм) и следниве информации и документи:

1. деловник за работа на органот на управување и на органот на надзор;

2. детален опис на човечките и на техничките ресурси кои ќе вршат одредена деловна активност, вклучувајќи ја и информатичката технологија (системите), внатрешната ревизија доколку е воспоставена и функцијата на следење на усогласеноста со прописите;

3. детален опис на меѓусебните односи помеѓу различните функции или организациски единици (делови) на инвестициското друштво и

4. податоци за сите платни системи и системите за утврдување и порамнување чија членка планира да стане инвестициското друштво во првата година од работењето.

(5) Информациите за внатрешна контрола мора да го содржат следново:

1. приказ и детален опис на внтарешната организација (вклучително и за намената на финансиските средства и човечките ресурси), функцијата на следње на услогласеноста со прописите и кога е применливо, функцијата на контрола на ризикот и функцијата на внатрешна ревизија, заедно со опис на финансиските и на човечките ресурси и образложение како инвестициското друштво планира да ги исполни регулаторните и капиталните барања, како и барањата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

2. имињата и биографиите на лицата кои ќе бидат задолжени за извршување на контролните функции од точка 1 на овој став;

3. опис на системот за следење на усогласеноста со прописите, и кога е применливо, на внатрешната контрола и контрола на ризиците, нивните интерни процедури и линиите на известување на високото раководство и на надзорниот одбор;

4. нацрт на интерните политики и процедури за сите услуги кои инвестициското друштво има намера да ги нуди, како што се:

а) политика за решавање на судирот на интереси;

б) политика за решавање на жалби и поплаки од клиентите;

в) политика за спречување на злоупотреба на пазарот;

г) политика за поттикнување на родово балансирање во органите на управување и на надзор и

д) политика на плати и надоместоци на вработените.

5. нацрт на системот и политиката за управување со ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, вклучувајќи и нацрт на клучните процедури за спречување на користење на инвестициското друштво за извршување на други казнени дела.

(6) Кога е применливо, барањето мора да содржи опис на ресурсите за внатрешна ревизија, опис на методологјата и план за внатрешна ревизија за првите три години по добивањето на одобрението за работа, вклучително за ревизијата на пренесените деловни процеси.

**Предлог- интерни акти**

Член 13

(1) Кон барањето за добивање на одобрение за работа се приложуваат и предлог-интерните акти на инвестициското друштво, а особено:

1. политики и постапки за управување со ризици (стратегија за идентификување и управување со ризиците, вклучувајќи го и ризикот од спречување перење пари и финансирање на тероризам, со изјава за прифатливото ниво на ризик на инвестициското друштво и мерките за прилагодување на проценетите ризици со прифатливото ниво на ризик кое инвестициското друштво е подготвено да ги прифати);

2. политика за управување со производи;

3. политика и постапки за заштита на клиентите;
4. политика и план за континуитет во работењето;
5. сметководствените политики и постапки и
6. кога е применливо, опис на постапките за изготвување на план за опоравување од штетни влијанија.

(1) Кон барањето за добивање на одобрение за работа се приложуваат и информации за намерата за пренесување на трети лица на нужните и важни оперативни процеси уредени со Правилникот на Комисијата за начинот, постапката и видот на активности/оперативни процеси кои инвестициското друштво може да ги пренесе на трети лица.

## ДЕЛ 3
## ПРОШИРУВАЊЕ, ОДНОСНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА РАБОТА ИЛИ ОДЗЕМАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА РАБОТА ЗАРАДИ ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕЊЕТО ИНВЕСТИЦИСКОТО ДРУШТВО

### Член 14

(1) При проширувањето на инвестициските услуги и активности од одобрението за работа на инвестициското друштво соодветно се применуваат одредбите од овој Правилник кои се однесуваат на добивањето на одобрение за работа, соодветно на опсегот на новите инвестициски услуги, активности или дополнетелни дејности.

(2) Кога барањето за проширување на одобрението за работа на инвестициското друштво се однесува на давањето на услуги за доставување на податоци од Глава V од Законот, на содржината на барањето и документацијата која се доставува кон истото, соодветно се применуваат одредбите од член 233 од Законот кои се однесуваат на доставување на барање за издавање на одобрение за работа на давател на услуги за доставување на податоци.

(3) Кон барањето за проширување на одобрение за работа се приложуваат оние податоци, односно промена на податоците од член 5 до член 10 од овој Правилник кои се однесуваат на извршувањето на услуги или активности за кои се бара проширувањето, со јасно наведување на документацијата која се менува или се дополнува, а со која Комисијата веќе располага.

(4) Кон барањето за проширување на одобрение за работа не се приложуваат оние податоци и документација кои се пропишани со овој Правилник и со кои Комисијата веќе располага, под услов тие информации да се целосни, вистинити, точни и ажурни, што подносителот на барањето го потврдува со посебна писмена изјава.

(5) При намалување на инвестициските услуги и активности од одобрението за работа, инвестициското друштво до Комисиијата доставува:

1. одлука со наведени причини за намалувањето на одредена услуга или активност за која претходно има добиено одобрение за работа од Комисијата;
2. опис и преземени активности за последиците по клиентите доколку се намали наведената услуга или активност;
3. договор со друго инвестициско друштво за преземање на клиентите, како и обврските за тоа друштво во однос на услугите или активностите за кои се бара намалувањето и
4. доказ за платен надомест за Комисијата.

(6) Во решението за намалување на одредена услуга или активност за која инвестициското друштво претходно има добиено одобрение за работа, Комисијата утврдува рок кој не може да биде подолг од 30 дена од денот на донесување на истото во кој тие клиенти за кои веќе нема да се нуди услугата или активноста ќе бидат префрлени во друго инвестициско друштво.

Член 15

Доколку инвестициското друштво согласно член 13 став (1) точка 9 од Законот донесе одлука за престанок на инвестициското друштво, односно одлука за ликвидација на инвестициското друштво, за Комисијата да донесе решение за одземање на одобрението за работа на инвестициското друштво, друштвото претходно доставува барање за престанок на своето работење, кон кое приложува и:

1. одлука за престанок на инвестициското друштво, односно одлука за ликвидација на инвестициското друштво или за промена на дејноста;

2. договор со друго инвестициско друштво за преземање на неизвршените налози за тргување на клиентите, како и обврските за тоа друштво во однос на пренесените налози;

3. податоци за сите банкарски сметки на кои се водат паричните средства на клиентите (банка и број на сметка) и аналитика на средствата на тие сметки по клиенти (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБ, поединечен износ и основ по кој се евидентирани/примени/наменети тие средства), односно изјава дека друштвото нема отворено такви сметки и

4. доказ за платен надомест за Комисијата.

**Претходно одобрение и проширување на претходното одобрение на банка (кредитна институција) за вршење на инвестициски услуги и активности**

Член 16

(1) Барањето за добивање на претходно одобрение на банка (кредитна институција) за вршење на инвестициски услуги и активности задолжително ги содржи податоците од членовите 9, 10 и 11 од овој Правилник.

(2) Кога барањето од став 1 на овој член се однесува на давањето на услуги за доставување на податоци од Глава V од Законот, на содржината на барањето и документацијата која се доставува кон истото, соодветно се применуваат одредбите од член 233 од Законот кои се однесуваат на доставување на барање за издавање на одобрение за работа на давател на услуги за доставување на податоци.

ДЕЛ 5

ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ИНВЕСТИЦИСКОТО ДРУШТВО

**Барање за добивање на одобрение за вршење на дополнителни дејности**

Член 17

(1) Барање за добивање одобрение за вршење на дополнителни дејности поднесува инвестициско друштво кое има одобрение од Комисијата за работа за вршење на инвестициските услуги и активности и помошните услуги согласно член 5 од Законот.

(2) Доколку со одредбите од овој член и членовите 18 и 19 од овој Правилник не е поинаку уредено, на постапката на добивање на одобрение за дополнителни дејности и содржината на барањето од став (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот и од овој Правилник за проширување на одобрението за работа на инвестициското друштво.

(3) Одобрението за вршење на дополнителни дејности, како дополнително одобрение, ќе се смета како составен дел на одобрението за работа на инвестициското друштво.

(4) Кон барањето од став (1) на овој член се приложува:

1. изјава за начинот на исполнување на условите од член 18 на овој Правилник и соодветни докази за исполнување на условите од член 18 став (2) од овој Правилник, доколку Комисијата веќе не располага со такви докази;

2. изјава за планираниот начин на вршење на дополнителните дејности во која ќе биде наведено најмалку следново:

а) лицата кои ќе ги извршуваат дополнителните дејности;

б) лицата кои ќе бидат одговорни за вршење на дополнителните дејности и

в) лицата кои ќе бидат одговорни за проценка на влијанието на дополнителните дејности на вршењето на инвестициските услуги и активности и помошните услуги.

(5) Освен документацијата од став (4) на овој член, Комисијата може да побара и друга документација врз основа на која ќе може да утврди дали постојат стручни, организациски и технички капацитети инвестициското друштво да извршува дополнителни дејности или околностите кои може негативно да влијаат на исполнување на обврските на инвестициското друштво кои се пропишани со Законот и подзаконските акти.

**Одлучување по барањето за вршење на дополнителни дејности**

Член 18

(1) Инвестициското друштво со одобрение од Комисијата може да ги извршува следниве дополнителни дејности:

1. организира и спроведува обуки наменети за учесниците и корисниците на пазарот на капитал;

2. извршува работи на застапување во осигурувањето во согласност по посебените релевантни закони;

3. извршува работи на понуда на пензиски програми (шеми) во согласност по посебените релевантни закони;

4. други дејности чие извршување по проценка на Комисијата нема да имаат негативно влијание на исполнување на обврските на инвестициското друштво кои се пропишани со Законот и со подзаконските акти.

(2) Комисијата ќе го одобри барањето од член 17 од овој Правилник доколку со проценката на влијанието на дополнителните дејности врз извршувањето на инвестициските услови и активности се исполнети следните услови (критериуми) за инвестициското друштво да може да извршува и дополнителни дејности:

1. доколку инвестициското друштво на соодветен и ефикасен начин ги препознава и управува со судирот на интереси кои може да произлезат од истовременото извршување на инвестициските услуги и активности и со нив поврзаните помошни услуги и дополнителните дејности;

2. доколку извршувањето на дополнителните дејности нема негативно влијание на исполнувањето на обврските на инвестициското друштво кои произлегуваат од Законот и од други релевантни прописи;

3. доколку инвестициското друштво располага со стручни, организациски и со технички капацитети за извршување на тие дејности, како и да ги исполнува сите услови за извршување на тие активности кои се пропишани со став (1) точки 2 и 3 на овој член.

(3) Инвестициското друштво е должно дополнителните дејности да ги извршува во согласност со посебните прописи со кои истите се уредени, да води соодветна евиденција за дополнителните дејности кои ги врши, како и да ја чува деловната документација на начин и во рокови како што е пропишано со општите прописи за сметководство на трговските друштва или други посебни прописи.

(4) Функцијата на следење на усогласеноста на работењето на инвестициското друштво со релевантните прописи во друштвото е должна да утвдува и спроведува редовна проценка за исполнување на условите од став 2 на овој член, да ги вклучи истите во програмите за следење на усогласноста, како и навремено да го известува високото раководтсво на инвестициското друштво за евентуално утврдените наоди и мерки.

(5) За сите промени на информациите врз основа на кои му е издадено (решението) одобрението на инвестициското друштво за вршење на дополнителни дејности, друштвото е должно да ја извести Комисијата најдоцна во рок од 8 (осум) дена по утврдување на настанатата промена.

(6) Доколку Комисијата во било кој момент утврди дека инвестициското друштво не ги исполнува условите наведени во став (2) на овој член, ќе го укине одобрението за вршење на дополнителни дејности согласно постапката уредена со Законот и општата управна постапка.

**Почнување со извршување на дејностите**

Член 19

(1) Инвестициското друштво може да започне да ги извршува дополнителните дејности откако ќе добие одобрение од Комисијата согласно член 18 став (1) од овој Правилник.

(1) По исклучок, доколку со посебен пропис за извршување на одредена дополнителна дејност  е пропишан посебен услов како што е решение од друг регулаторен орган (надлежно тело) или упис во трговски регистар, тогаш инвестициското друштво може да започне со извршување на таа дејност откако ќе биде исполнет и тој услов.

(2) Во случајот од став (2) на овој член, инвестициското друштво е должно да ја извести Комисијата за денот кога ќе почне да извршува дополнителната дејност во рок кој Комисијата ќе го утврди во своето решение.

ДЕЛ 6

СТАТУСНИ ПРОМЕНИ НА ИНВЕСТИЦИСКИ ДРУШТВА

Член 20

(1) На постапката за давање на одобрение за статусна промена во која учествува инвестициското друштво на соодветен начин се применуваат одредбите  од член 15 став (1) и (2) од Законот и сите останати одредби од Законот и овој Правилник кои се однесуваат на давање на одобрение за работа на инвестициско друштво.

(2) Одобрението за работа на новонастанатото друштво од став (1) на овој член мора да се однесува најмалку на извршување на оние инвестициски услуги и активности кои ги извршувало инвестициското друштво кое се присоединило или споило, заради обезбедување на континуитет во извршувањето на обврските на присоединетото или споеното инвестициско друштво.

**Критериуми за проценка на исполнетоста на условите**

Член 21

(1) Комисијата при одлучувањето по барањата за давање одобрение за статусни промени од член 15 од Законот, ќе го има предвид следново:

1. задржување на финансиската стабилност и деловниот углед на новонастанатото инвестициско друштво кое по извршената статусна промена ќе ги извршува инвестициските услуги и активности;

1. деловниот углед и искуството на лицата кои ќе управуваат со новонастанатото инвестициско друштво кое по извршената статусна промена ќе ги извршува инвестициските услуги и активности;

2. дали новонастанатото инвестициско друштво кое по извршената статусна промена ќе ги извршува инвестициските услуги и активности ќе биде во можност да го продолжи работењето во согласност со член 15 и со другите одредби од Законот, а особено дали групацијата чија членка ќе стане новонастанатото инвестициско друштво ќе има структура која ќе овозможи спроведување на ефикасен надзор, ефикасна размена на податоци помеѓу надлежните надзорни тела и распределба на надлежностите помеѓу надлежните надзорни тела и

2. сомневања за евентуално перење на пари и финансирање на тероризам.

**Барања за статусни промени на инвестициски друштва**

**Барање за давање на одобрение за присоединување**

Член 22

(1) Барањето за давање на одобрение за статусна промена со присоединување го поднесува друштвото што презема кое ги содржи следниве податоци:

1. предмет на барањето со наведување на називот на фирмата, седиштето и ЕМБ на подносителот и на инвестициското друштво кое се присоединува и

2. образложение на причините за присоединувањето и целите кои се планира да се постигнат со присоединувањето.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член друштвото што презема е должно до Комисијата да достави:

1. податок дали истото е поврзано лице со друштвото кое се присоединува во смисла на член 3 став (1) точки 4 и 6 од Законот, и доколку е, детален опис на поврзаноста;

2. спогодбата за присоединување во согласност со законот од областа на трговските друштва;

3. извештај од овластен ревизор за извршената ревизија на спогодбата за присоединување;

4. извештај на органите на управување на друштвата кои ја склучуваат спогодбата за присоединување за статусната промена-присоединување;

5. записник од одржаните собранија на акционери или собирите на содружници на друштвото кое се присоединува и друштвото кое презема на кои е донесена/усвоена одлуката за статусна промена-присоединување и сите останати акти кои се усвоени на истите;

6. изјава на друштвата за обврската за објавување на проспект во смисла на законот кој ги регулира проспектите и обврските за транспарентност на издавачите на хартии од вредност, односно изјава за исклучок од наведената обврска, заедно со образложение за исполнување на условите за наведениот исклучок, како и назначување на документите кои содржат информации кои треба да ги содржи проспектот и начинот на кој тие документи се достапни на вложувачите, а кои треба да бидат потпишани од страна на овластените лица за застапување;

7. доколку друштвото заради присоединувањето има намера да ги пренесе нужните и важни оперативни процеси, кои се клучни за непрекинато и уредно вршење на инвестициските услуги на клиентите или извршување на инвестициските активности, должно е да докаже дека се исполнети сите законски и подзаконски услови за тоа;

8. изјава од одговорното лице на инвестициското друштво кое се присоединува дека е согласно со поднесеното барање, односно спогодбата од точка 2 на овој став;

9. доказ за уплатен надомест согласно тарифникот на Комисијата и

10. по барање на Комисијата, и друга документација со која се докажува исполнување на условите за издавање на одобрение за присоединување на друштвата согласно Законот, потоа законот со кој се уредува спречувањето перење пари и финансирање на тероризам, како и согласно законот со кој се уредува сметководството на трговските друштва.

Бр. 01-625/1
4 октомври 2020 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.